**Инфо билтен – мај 2024**



**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Дознајте за пристапот до правда на засегнатата јавност во постапките за издавање дозволи за усогласување со оперативните планови (ДУОП) и што може граѓанските организации да направат по однос на овие прашања.

Предлози на Еко-свест за приоритетите на новата македонска Влада за заштита на животната средина и климатска акција.

**Енергија**

Интервју во неделникот „Капитал" со експерти од Регионалниот центар за истражување на енергетски политики (РЕКК) за (не)исплатливноста на гасната инфраструктура во Македонија.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Претставници на Еко-свест учествуваа на шестото и последно генерално собрание на проектот ЕНКЛУД чија цел е дефинирање и промоција на „енергетско граѓанство“.

Нашите партнери и грантисти од „Солар Македонија“ подготвија нова енергетска платформа за приказ на компании, настани и активности од областа на енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија во Македонија.

Анкета: доколку сте организација која работи во Битола и пелагонискиот регион, молиме да го пополните овој прашалник за праведна транзиција. И слободно споделете го линкот со други организации.

Слична анкета и за граѓани, особено оние кои живеат и работат во Битола и пелагонискиот регион, поврзана со праведната транзиција на регионот. Само 10 минути за одговори кои многу ќе значат.

Споделуваме серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

**Еко-свест Вевчани**

За сите наставници, воспитувачи, ученици, родители, љубители на интеракција со природата, преземете ги најновите публикации со активности за деца и млади. За деца од градинка, за ученици во одделенска настава и за ученици во предметна настава.

Најава за планинарска вело тура „Вевчанска Голина – локва“ на 7 јули 2024 година. Пријавете се и подготвувајте се!

**Публикации**

Пристап до правда на засегнатата јавност за издавање дозволи за усогласување со оперативни планови (ПДФ)

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

Зошто имаме предизвик во обезбедувањето на суштинско учество на јавноста во одлуките поврзани со животната средина? (ПДФ)

Животната средина во средното образование (ПДФ)

**Медиуми**

Младите од Пелагонија презентираа иновативни решенија за нова енергетска визија за Битола.

Јавен форум за Праведна транзиција во Битолскиот и Пелагонискиот регион.

Жртвуваме храна за струја – дали го користиме сонцето погрешно?

**Разно**

Разгледајте ја најновата платформа за климатска интелигенција EarthCare.ai, во која има од риск анализи на банки и осигурителни компании, до урбано планирање, мониторинг на инфраструктура и агрокултура.

Климатската акција и придружните политики се соочуваат со пречки ширум Европа, прегледајте примери од разни држави.

#ОнаКога Генералниот секретар на ООН компаниите за фосилни горива ќе ги нарече „кумови на климатскиот хаос“.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.